Архивски број: 08-146/1
Датум: 29-01-2026

Постапувајќи по претставката бр. 08-490 од 18.06.2025 година, поднесена -----поднесена против ----- за заштита од дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на медиумите и јавното информирање Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 и член 27 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следното

**М И С Л Е Њ Е**

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКИРМИНАЦИЈА** врз основа на етничка припадност од страна на ----- кон -----, во областа на медиумите и јавното информирање.

**О б р а з л о ж е н и е**

На 10.06.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше поднесена претставка од -----, против -----, за заштита од дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на медиумите и јавното информирање.

Во предметната претставка се наведува дека на ден 24.01.2025 година ----- објавила јавен конкурс за доделување средства за поддршка на проекти за организирање на домашни фестивали и други филмски манифестации. Според наводите на подносителот, истиот во предвидениот рок уредно аплицирал на предметниот конкурс, при што ги доставил сите потребни пријави и прилози утврдени со конкурсната документација.

Во самиот конкурс, како што се истакнува во претставката, бил утврден рок од 60 дена за донесување и објавување на одлука по поднесените апликации. И покрај наведеното, подносителот наведува дека дури на 03.06.2025 година бил известен за донесена одлука со која неговата апликација се одбива. Подносителот понатаму истакнува дека образложението на одлуката е кусо и формално, без детална анализа и оценка на релевантните критериуми, како и без разгледување на повеќе аспекти кои, според неговите наводи, претставувале воспоставена пракса во претходните постапки за спроведување на ваков вид јавни конкурси.

Имено, во образложението на одлуката, согласно наводите изнесени во претставката, е наведено дека правното лице ----- не ги исполнува основните критериуми утврдени со Правилникот за поддршка на проекти и дека не го остварило потребниот основен минимум од 51 бод, како предуслов за понатамошна квалификација во постапката. Во самата одлука е наведено дека пријавата на подносителот е оценета со вкупно 42 бода, при што, според наводите на подносителот, не е дадено поединечно и аргументирано

образложение за доделените бодови, ниту пак му е доставена бодовната листа за неговата пријава, како и бодовните листи за останатите учесници во конкурсната постапка. Понатаму, во продолжение на образложението на одлуката, како што се наведува во претставката, е констатирано дека на јавниот конкурс пристигнале вкупно 35 пријави и дека пријавата на подносителот е оценета со 42 бода од причина што фестивалот „-----“, со кој подносителот аплицирал, не придонесувал за унапредување на програмската содржина, дека предложениот буџет не бил усогласен со планираниот буџет за реализација на проектот, како и дека подносителот немал обезбедено финансиски средства од други извори. Воедно, наведува дека не се точни тврдењата од одлуката дека тој нема обезбедено сопствено учество во пријавата на предлог проектот и дека не е иновативен и без квалификуван кадар. Во самата апликација, согласно наводите од претставката, стоело дека подносителот ќе обезбеди сопствено учество како и во претходните години, а во насока на иновативноста наведува дека овој фестивал имал за цел да ги собере сите домашни и меѓународни продуценти и филмски работници, кои се занимаваат со ромска тематика. Дополнително, во претставката се наведува дека нејасно е како во одлуката на ----- стои дека понудената содржина не ја подобрува програмата за филм, кога ова е сосема нов пристап за меѓународно подигање на свеста за ромската култура и традиција, кои се неисцрпен извор во уметноста и музиката. Во претставката се наведува дека при носењето на одлуката не се земени предвид критериумите од огласот бидејќи апликацијата е јасна, прецизна, а со тоа квалитетна, концептот е запазен, а бидејќи и претходно оваа концепција е поддржана, како соработници биле планирани експерти од оваа област од Европа со што се запазила и европската димензија, географска разноликост, а посебно реномето и традицијата. Подносителот понатаму наведува дека против наведената одлука изјавил жалба, меѓутоа истакнува дека жалбата не го одложува извршувањето на одлуката.

Заради сето споменато, подносителот наведува дека ја поднесува оваа претставка бидејќи смета дека е дискриминиран врз основа на етничка припадност во областа на медиумите и јавното информирање. Наведува дека ----- работи 25 години и е препознатлива по тоа што се занимава со ромска тематика. Во последните неколку години подносителот наведува дека бил корисник на средства од ----- и дека има остварено значајни резултати на домашен и меѓународен план, афирмирајќи ја ромската култура, традиција, историја, која со години е запоставена и се уште недоволно истражена, проучена и презентирана пред пошироката јавност. Дополнително, подносителот наведува дека воопшто не е земено предвид дека неговата продукција е единствената ромска продукција која согласно Стратегијата за инклузија за Роми и акцискиот план за култура, документи кои се прифатени од Владата на РСМ, ја презентира и афирмира ромската култура и традиција преку многубројни проекти. Според подносителот, ----- како владино тело треба да ги земе предвид обврските на Владата за исполнување на целите од Акциските планови за развој на ромската култура и традиција како составен дел од Стратегијата за инклузија на Ромите.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на чл. 27, ст. 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 26.06.2025 година испрати барање за произнесување по претставката до -----.

На 16.07.2025 во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна одговор на претставката од -----.

Во одговорот ----- наведува дека согласно чл. 25, ст. 2 од Законот за филмска дејност, во текот на годината ----- објавува Конкурс за финансирање на проекти од национален интерес во филмска дејност – организирање на домашни фестивали и други филмски манифестации од меѓународен карактер. На 24.01.2025 ----- објавила Конкурс за финансирање на проекти од национален интерес во филмска дејност – организирање на домашни фестивали и други филмски манифестации од меѓународен карактер за 2025 година, во дневните весници Вечер, Нова Македонија, Коха, како и на веб страната на -----. Целта на конкурсот, согласно наводите од одговорот, е создавање на фестивали и манифестации со високи критериуми на одговорност и професионалност во презентација на квалитетна филмска програма која ќе овозможи промоција и афирмација на филмската дејност во Република Северна Македонија, поголемо ниво на вмрежување и соработка во филмската дејност и едукативни настани и форуми за афирмација на филмската култура. Приоритет на финансирање имаат оние проекти кои македонската кинематографија ја ставаат во интернационален контекст, имаат европски, односно меѓународен карактер, го промовираат интеркултурниот дијалог и развој на граѓанското општество, се засновани на стручно и професионално знаење, имаат висок квалитет и профилираност во основната дејност, имаат значителна посетеност и се одржуваат во континуитет и со традиција.

Во однос на предметниот конкурс, во одговорот на претставката се наведува дека се примени 35 пријави за проекти наменети за организирање фестивали и други филмски манифестации од меѓународен карактер. Од страна на комисијата за административна селекција е започната постапка со отворање и увид на пристигнатите пријави при што е изготвен Записник бр. ----- од 04.04.2025 година. Постапката за евалуација на доставените проекти е завршена согласно Конкурсот и Правилникот за поддршка на проекти за организирање домашни фестивали и други филмски манифестации од меѓународен карактер бр. ----- од 30.01.2023. ----- наведува дека ----- совет како стручно тело на -----, согласно чл. 3 од цитираниот Правилник, врши оцена на квалитетот и содржината на документите доставени во прилог на пријавите и тоа ценејќи го квалитетот на програмата (содржини и активности), програмскиот концепт (натпреварувачки или ревијален), европската димензија на програмирање, вклучувајќи културна и географска разновидност, квалитетот на постигнатите успеси на реализираниот фестивал/манифестација во изминатиот период со извештај за посетеност на фестивалот/манифестацијата, реноме, традиција и континуитет на одржување, обезбедени средства од други извори и квалитет на стручниот тим. Оцената на проектите е извршена врз основа на споменатите критериуми и мерила

согласно кои секој од проектите добива бодови, максимален број на бодови кои може да ги оствари еден проект е 100, додека за да може проектот да се квалификува потребно е да оствари минимум 51 бод.

----- наведува дека согласно листата за евалуација доставена од страна на ----- совет бр. ----- од 15.04.2025, проектот ----- освоил вкупно 42 бодови. Истиот од страна на советот е оценет како фестивал кој не работи на подобрување на програмата од година в година, предложената програма за овогодинешното издание на фестивалот не е во линија со предложениот буџет за реализација и нема обезбедено средства од други извори на финансирање, видно од доставениот предлог буџет кон проектот, кој ----- го доставува во прилог на одговорот на претставката како доказ.

Согласно чл. 22, ст. 1, од Законот за филмска дејност за вршење на стручни и работи од надлежност на -----, како и за преземање на мерки за унапредување на филмската дејност, директорот на ----- формира ----- совет на -----. Советот е составен од 5 члена кои ги именува и разрешува директорот на ----- од редот на истакнати поединци од областа на филмот и културата, со манда од 2 години. Согласно чл. 22, ст. 3 од Законот за филмска дејност, Советот ги извршува следниве задачи: учествува во подготовка на конкурсите за финансирање на проекти од национален интерес во филмската дејност; му дава мислење на директорот на ----- кои проекти доставени на конкурсите треба да бидат прифатени, односно одбиени по конкурсот; на предлог на финансискиот советник, ако постои неусогласеност меѓу финансискиот план и оперативниот план со сценариото за проектите доставени на конкурсот, му предлага на директорот на ----- проектите да ги врати на доработка и расправа за важни прашања од областа на филмската дејност. Оттука, ----- совет на -----, на седница одржана на 10.04.2025 година, донел Мислење за неприфаќање на проекти бр. ----- од 15.04.2025.

Врз основа на чл. 21, ст.1, алинеја 2 и чл. 30, ст. 2 од Законот за филмска дејност, Управниот одбор на предлог на директорот донесува одлуки за прифаќање и одбивање на филмските проекти по конкурсот од чл. 25, ст. 2 од Законот за филмска дејност. Оттука, во одговорот на претставката се наведува дека Управниот одбор на ----- на седницата одржана на 08.05.2025, на предлог на Директорот на ----- бр. ----- од 28.04.2025, а имајќи го предвид горецитираното мислење доставено од ----- совет на -----, донесе Одлука за неприфаќање на проект ----- бр. -----од 03.06.2025.

Имајќи го предвид наведеното, ----- наведува дека поднесената претставка од подносителот е неоснована. Оцената на доставените проекти по објавениот конкурс е извршена според поставените критериуми и мерила согласно кои секој од проектите добива бодови, максимален број на бодови кои еден проект може да ги добие е 100, додека за да може проектот да се квалификува потребно е да освои 51 бод. Согласно листата за евалуација доставена од ----- совет, проектот -----освоил вкупно 42 бодови и не се квалификувал. Во однос на наводите дека листата за евалуација не му била доставена на подносителот, ----- наведува дека подносителот никогаш не побарал

такво нешто. Во однос на тврдењата за етничка дискриминација, ----- наведува дека во случајот не станува збор за етничка дискриминација туку за спроведување јавен конкурс со буџетски средства за проекти кои ги задоволуваат критериумите наведени во самиот конкурс. Во конкретниот случај, според -----, не постои разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што има за цел спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група лица на еднаква основа со другите, па следствено не може да стане збор за дискриминација согласно чл. 6 од Законот за спречување и заштита од дискрминација. Дополнително, ----- наведува дека од увидот во доставениот предлог буџет од страна на подносителот, може да се забележи дека организаторот на фестивалот нема предвидено нов и развоен буџет и дека ставките за спонзорства од други извори се празни и не се предвидени средства во нив, па оттука нејасно е како со ваков буџет фестивалот постепено ќе расте и ќе нуди квалитетна програма, како исполнување на дел од критериумите во конкурсот. Воедно, ----- посочува дека во самата пријава подносителот не доставил потврди и/или писма за намери и интерес од потенцијалните учесници во фестивалот, што говори зареномето и квалитетот на програмата што ја нуди овој фестивал. Во одговорот се наведува и дека буџетот е основа на секој фестивал и од истиот може да се утврди дали се предвидени трошоци за сместување на гости, откупување на права за прикажување на филмови, работилници и слично, односно да се даде целокупна слика за тоа што се очекува од фестивалот. Оттука, ----- смета дека наводите за дискриминација се беспредметни, не се поткрепени со ниту еден доказ кој ги докажува тврдењата и заради тоа не треба да бидат земени во предвид. Одговорот на претставката завршува со констатацијата дека одлуката за неприфаќање на проектот е донесена согласно Законот за општа управна постапка и доколку подносителот е незадоволен од истата, има право на жалба во рок од 15 дена до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

За целосно и точно утврдување на фактичката состојба во предметот, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно чл. 30, ст. 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 20.01.2026 на електронската адреса на ----- достави барање за доставување податоци, во кое побара да бидат доставени информации и одговори на следниве прашања:

- Дали ----- било корисник на финансиски средства врз основа на конкурси за финансирање проекти, објавени од страна на ----- во 2024 и 2025 година?
- Доколку да, Ве молиме доставете ни детални информации за секој случај кога споменатото друштво било корисник на средства од -----, вклучително: назив на проектот, краток опис на проектот, висина на доделените средства, месец и година на доделување на средствата, документација која потврдува реализација и исплата на средствата.

На 21.01.2026, на електронската адреса на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен одговор по цитираното барање. Во одговорот на барањето, ----- известува дека подносителот бил корисник на финансиски средства од -----, врз основа на јавни конкурси во изминатите 3 календарски години. Имено, во поднесокот се наведува дека на подносителот му биле одобрени финансиски средства за проектите ----- (2023), ----- (2024) и ----- (2025). Како доказ за ова тврдење ----- доставува во прилог копии од финансиски картички за споменатите проекти. Имајќи предвид дека на подносителот во континуитет му се одобрувале финансиски средства, вклучително и во моментот кога се жали на дискриминација, во поднесокот се наведува дека ----- недовсмислено ги побива наводите за дискриминација и наведува дека подносителот бил третиран еднакво и рамноправно во постапките за финансирање, без никакво исклучување, нееднаков третман или повреда на принципот на еднаквост. ----- останува на ставот дека сите одлуки по јавните конкурси се донесени врз основа на објективни, транспарентни и законски утврдени критериуми, применети подеднакво за сите апликанти.

Ценејќи ги наводите од претставката, наводите и доказите од поднесокот за произнесување и одговорот на барањето за доставување податоци, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација констатира дека во конкретниот случај ----- не извршила дискриминација врз етничка припадност врз ----- во областа на медиумите и јавното информирање.

Имено, подносителите во претставката не успеваат да го направат тврдењето за извршена дискриминација веројатно. За да се стори веројатно тврдењето за извршена дискриминација, и за да премине товарот на докажување од подносителот на претставката кон потенцијалниот дискриминатор, во смисла на член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, **подносителот треба да докаже дека постои јасна причинско – последична врска помеѓу дискриминаторската основа и настанатата повреда**. Освен тоа, за да постои веројатност за дискриминација потребно е да постои и каузалност помеѓу понеповолно постапување и настанатата повреда, односно штета за подносителот, како и поврзаност помеѓу понеповолното постапување и дискриминаторската основа

Во конкретниот случај, од увид во доказната документација доставена од страна на -----, а поврзана со постапката за распишување на конкурсот, оценување на проектите и носење на одлука за прифаќање и неприфаќање на проектите, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ценеше дека се запазени процесните правила и постапката за спроведување конкурс за финансирање проекти од национален интерес во филмската дејност – организирање домашни фестивали и други филмски манифестации од меѓународен карактер, пропишани во Законот за филмска дејност.

Од друга страна, иако Комисијата нема законска надлежност, стручност и компетенции да врши материјална оценка на мислењето за прифаќање и неприфаќање на проекти по конкурсот, кое го дава ----- совет како стручно тело, од увидот во наводите на претставката, наводите во одговорот на претставката и доказите во прилог на одговорот од претставката, очигледно е дека дел од наводите во претставката на подносителот кои се однесуваат на носењето на одлуката за неприфаќање на проектот ----- 2025 се неосновани. Во претставката подносителот тврди дека овој фестивал имал за цел да ги собере сите домашни и меѓународни продуценти и филмски работници, кои се занимаваат со ромска тематика со што се запазила и европската димензија, географска разноликост, а посебно реномето и традицијата, меѓутоа ваквото тврдење не го прави веројатно со доставување било каков доказ во поткрепа на истото. Напротив, во поднесокот за произнесување и доказите кон истиот, ----- го побива ваквото тврдење на подносителот, наведувајќи дека во пријавата не се доставени писма за намери и за изразување интерес, ниту пак потврди од потенцијалните учесници, а истото не е изразено ниту во предлог буџетот кој подносителот го доставил во прилог на пријавата по конкурсот. Со тоа подносителот не успеал да докаже дека проектот предвидува и запазува европска, односно меѓународна димензија, со фокус на географска разноликост.

И тврдењата на подносителот во однос на наводниот недостаток на образложение за извршеното бодување се оценуваат како неосновани. Имено, од увид во образецот кој се користи за спроведување на постапката на бодување на пристигнатите апликации, произлегува дека истиот не предвидува посебно поле за текстуално образложување на доделените бодови, туку исклучиво содржи полиња за нумеричко оценување по утврдени критериуми. Имајќи предвид дека наведениот образец се применува еднакво на сите апликации поднесени на јавниот конкурс, а не само на апликацијата на подносителот, произлегува дека ниту еден од апликантите не добива поединечно образложение за доделените бодови на нивните предлог-проекти. Оттука, не може да се утврди дека подносителот бил ставен во понеповолна или нееднаква положба во однос на останатите апликанти, ниту пак дека постои различен третман врз основа на неговата етничка припадност.

Дополнително, за целосно согледување на фактичката состојба, релевантно е да се истакне дека во мислењето на ----- совет на -----, со кое се предлага кои од доставените проекти по предметниот конкурс да бидат прифатени, односно одбиени, од вкупно 35 пристигнати пријави, за 17 пријави е дадено мислење дека треба да бидат одбиени. Меѓу овие пријави се наоѓаат апликанти кои се разликуваат по својата етничка припадност, место на живеење, како и по областа на делување. Со други зборови, единствената заедничка карактеристика на пријавите за кои во мислењето на ----- совет е предложено одбивање е фактот дека истите оствариле помалку од 51 бод, односно дека не ги исполнуваат законски утврдениот минимум и условите пропишани со применливите акти. При тоа, од целокупната постапка не произлегува впечаток

дека при одлучувањето биле земени предвид било какви заштитени карактеристики на апликантите или на нивните законски застапници.

Воедно, подносителот во претставката врши погрешно и нецелосно толкување на одредбите од Стратегијата за инклузија на Роми и Националниот акциски план за спроведување на Стратегијата за инклузија на Роми 2023–2025 во приоритетна област култура, кога вели дека ----- не земала предвид дека неговата продукција е единствената ромска продукција која согласно Стратегијата за инклузија за Роми и акцискиот план за култура ја презентира и афирмира ромската култура и традиција преку многубројни проекти, а ----- како владино тело треба да ги земе предвид обврските на Владата за исполнување на целите од Акциските планови за развој на ромската култура и традиција како составен дел од Стратегијата за инклузија на Ромите. Точно е дека во Стратешкиот приоритет 2 од Приоритетната област култура во Стратегијата за инклузија на Роми е предвидено е создавање и усовршување на професионални културни уметници од ромската заедница. Во предвидените мерки за остварување на овој стратешки приоритет се предвидува Програма за обука на млади актери и аматери, драмски-театарски фестивал, организирање на ликовни изложби и Меморандум за соработка со национални и локални институции. Во Стратешкиот приоритет 3 од истата приоритетна област се предвидува  зголемена поддршка на проекти поврзани со развојот, негување и промоција на ромската култура. Меѓутоа во предвидените мерки за остварување на овој стратешки приоритет стојат развој на кадри кои ќе ја негуваат ромската култура, традиција, јазик преку обезбедување на стипендии по профили; Отворање на катедра за ромски јазик; Меморандуми за соработка со соодветни факултети и соодветни образовни и културни институции; Зголемен број на книги од ромски автори и публикации за ромска култура. Од друга страна во Националниот акциски план за спроведување на Стратегијата за инклузија на Роми 2023–2025 во приоритетна област култура, единствената продукција која се предвидува како надлежна институција за спроведување на активностите од акцискиот план е Македонската Радио Телевизија. Од таму неосновани се наводите на подносителот дека неговата продукција е единствената ромска продукција која согласно Стратегијата за инклузија за Роми и акцискиот план за култура ја презентира и афирмира ромската култура и традиција, од причина што неговата продукција не е предвидена како спроведувач на активностите од Стратегијата или Акцискиот план. Дополнително, и тврдењето дека ----- треба да ги земе предвид обврските на Владата за исполнување на целите од Акциските планови за развој на ромската култура и традиција како составен дел од Стратегијата за инклузија на Ромите.  Во Националниот акциски план за спроведување на Стратегијата за инклузија на Роми 2023–2025 во приоритетна област култура точно се предвидени институциите кои треба да ги спроведуваат активностите од акцискиот план и таму фигурираат повеќе институции, вклучително Министерството за култура, Музеј на Македонија, Град Скопје, Интерпарламентарна група за интеграција на Роми, Стопанска комора, Министерство за финансии, Министерство за образование, Министерство за социјална политика, демографија и млади и така натаму, но не и -----. Оттука, ----- нема

експлицитна обврска да ги спроведува обврските од Националниот акциски план за спроведување на Стратегијата за инклузија на Роми 2023–2025 во приоритетна област култура, а предметниот конкурс се објавува врз основа на Законот за филмска дејност, а не врз основа на обврска од Стратегијата и Акцискиот план, од едноставна причина што ----- нема таква обврска.

Воедно, од доставените податоци од ----- по барањето за доставување податоци, а кои се однесуваат на одобрените финансиски средства на подносителот по јавни конкурси, неспорно произлегува дека подносителот во континуитет од три последователни години бил корисник на финансиски средства од истата институција, и тоа за проектите „----- " (2023), „----- " (2024) и „----- " (2025). Имајќи го предвид наведениот континуитет во одобрувањето средства, како и фактот дека финансиска поддршка му е одобрена и во периодот во кој подносителот тврди дека бил дискриминиран, ваквите околности објективно ја доведуваат во прашање основаноста на наводите за дискриминација и ги прават истите контрадикторни.

Оттука, подносителот во конкретниот случај навел тврдења во однос на неповолен третман од страна на -----, но не успеал да го стави таквиот третман во корелација со заштитна карактеристика и постапување на -----, ниту доставил докази од кои може било што од тврдењата да се потврди или да се направи prima facie случај на дискриминација. Поради тоа, во случајот не може да стане збор за дискриминација во смисла на Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Дискриминација согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:

*„Дискриминација е **секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа**, со сторување или несторување, **што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други**. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите".*

Врз основа на наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател на Комисијата
Душан Томшиќ

Доставено до:
- -----
-